СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА
ПРОБИШТИП

Број 6/2025 16.06.2025 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

### За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуват актите од 52-та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 12.06.2025 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Заклучок за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година бр. 26-664/3;
2. Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр. 26-664/4;
3. Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 годинабр. 26-664/5;
4. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година бр. 26-664/6;
5. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2026 година бр. 26-664/7;
6. Заклучок за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарна непогода-мраз настаната во месеците март и април 2025 година на територијата на Општина Пробиштип бр. 26-664/8;
7. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Берово бр. 26-664/9;
8. Заклучок по барањето од Здружени на граѓани Тера Сапиентиа од Злетово бр. 26-678/2 од 10.06.2025 година бр. 26-664/10;
9. Решение за именување на претседател и членови во Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Пробиштип бр. 26-664/11.

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-664/13
13.06.2025 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 а во врска со член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/24) и член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.06.2025 година, расправајќи по Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Пробиштип Ев.бр.23.28.7.1-718/1 од 09.06.2025 година го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година**

1. Се усвојува Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година, Ев.бр.23.28.7.1-718/1 од 09.06.2025 година поднесена од МВР ПС ОН Пробиштип.

2. Составен дел на овој Заклучок е Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Пробиштип за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година, Ев.бр.23.28.7.1-718/1 од 09.06.2025 година поднесена од МВР ПС ОН Пробиштип.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-664/3
12.06.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Дарко Анастасовски с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 53 став 6 од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.06.2025 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип бр. 03-222/1 од 05.06.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2025/2026 година и тоа во:

ООУ Никола Карев -Пробиштип:

| Паралелка | I А | I Б | II А | II Б | III Б | IV А | IV Б | V А | VI А | VI Б | VI IА | VII Б | VIII А | VIII В | VIII В | IX А | IX Б | IX В |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | 14 | 15 | 14 | 13 | 20 | 14 | 10 | 19 | 17 | 19 | 18 | 16 | 14 | 17 | 16 | 14 | 15 | 14 |

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-664/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.06.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 53 став 6 од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.06.2025 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип бр. 03-301/1 од 05.06.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки**

**со помал број на ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2025/2026 година и тоа во:

ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип:

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| 1а | 13 |
| 1б | 12 |
| 2а | 15 |
| 2б | 14 |
| 3а | 16 |
| 3б | 16 |
| 4а | 19 |
| 4б | 16 |
| 5а | 17 |
| 5б | 17 |
| 6а | 15 |
| 6б | 15 |
| 6в | 15 |
| 7а | 15 |
| 7б | 19 |
| 7в | 19 |
| 8а | 17 |
| 8б | 17 |
| 8в | 16 |
| 9а | 19 |
| 9б | 19 |
| 9в | 17 |

ПУ Злетово

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| $1^1$ | 15 |
| $2^1$ | 12 |
| $3^1$ | 3 |
| $4^1$ | 18 |
| $5^1$ | 20 |
| $6^1$ | 17 |
| $7^1$ | 19 |

| | |
|---|---|
| 8[1] | 13 |
| 9[1] | 20 |

ПУ нас.Пробиштип

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| Прво | 11 |
| Второ | 14 |
| Трето | 5 |
| Четврто | 18 |
| Петто | 17 |

ПУ с.Ратавица

- 1 (една) комбинирана паралелка од прво до трето одделение со 10 ученици,
- 1 (една) комбинирана паралелка од четврто и петто одделение со 2 ученици.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-664/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.06.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.06.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година**

**Член 1**

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година бр. 04-184/1 од 14.05.2025 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година бр. 2026 година бр. 04-184/1 од 14.05.2025 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-664/6
12.06.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.06.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2026 година**

**Член 1**

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2026 година бр. 04-292/1 од 28.05.2025 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2026 година бр. бр. 04-292/1 од 28.05.2025 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-664/7
12.06.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), а согласно со Законот за заштита и спасување Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.06.2025 година разгледувајќи го Извештај за проценети штети од елементарна непогода бр. 27-478/12 од 30.05.2025 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарна непогода-мраз настаната во месеците март и април 2025 година на територијата на Општина Пробиштип**

1. Се усвојува Извештајот за проценети штети од елементарна непогода-мраз настаната во месеците март и април 2025 година на територијата на Општина Пробиштип бр. 27-478/12 од 30.05.2025 година со Елаборат за процена, изготвен врз основа на увид на лице место од Комисијата за проценка на штети.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за проценети штети од елементарна непогода-мраз настаната во месеците март и април 2025 година на територијата на Општина Пробиштип бр. 27-478/12 од 30.05.2025 година со Елаборат за процена.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-664/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.06.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен Весник на Република Македонија бр. 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24) и член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.06.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Берово**

**Член 1**

Советот на Општина Пробиштип го утврдува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Берово поднесен од Градоначалникот на Општина Пробиштип бр.08-662/1 од 05.06.2025 година за вршење на работи од надлежност на градежната инспекција од страна на овластен градежен инспектор вработен во Општина Берово за потребите и за сметка на Општина Пробиштип.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и проценета од потребата за воспоставување на Меѓуопштинска соработка од Градоначалникот на Општина Пробиштип се доставува до Општина Берово на прифаќање и усвојување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип“

Број 26-664/9
12.06.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.06.2025 година, расправајќи по барањето од Здружени на граѓани Тера Сапиентиа од Злетово, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Барањето од Здружени на граѓани Тера Сапиентиа од Злетово бр. 26-678/2 од 10.06.2025 година, се прифаќа .
2. На Здружени на граѓани Тера Сапиентиа за оррганизирање на серија летни културни настани се одобрува:
   - користење на градскиот парк во Пробиштип во месеците Јуни, Јули и Август 2025 година во деновите петок или сабота почнувајки од 19.00 до 00.30 часот.
   - приклучок за електрична енергија
   - пристап до јавни тоалети во градскиот парк.
3. Здружението на граѓани Тера Сапиентиа како органзатор на настаните, се задолжува:

- да ги пријави настаните во МВР ПС ОН Пробиштип 48 часа пред одржување на истите,
- да обезбеди ред согласно Законот за јавните собири,
- да ја одржува хигиената,
- да ја надомести секоја евенуална штета настаната на просторот во градскиот парк за време на одржување на настаните,
- за секој евентуален инцидент што ќе се случи за време на одржување на настанте, одгворен е организаторот Здружението Тера Сапиентиа Злетово.

4. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-664/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.06.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 372 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.06.2025 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**За именување на претседател и членови во Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Пробиштип**

1. За претседател и членови во Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Пробиштип а на предлог од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата бр. 0201-5/12 од 26.05.2025 година се именуваат:

- Ристе Атанасов - за претседател,
- Мартин Младеновски - за член,
- Горан Нацевски - за член,
- Наташа Заовска - за член,
- Елизабета Панова - за член,
- Трајче Коцев - за член,
- Стефан Николовски - за член.

2. Претседателот и членовите од точка 1 од ова Решение се именуваат за време од четири години.

3. Задачите на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата се утврдени во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

4. Решението стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-664/11
12.06.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Дарко Анастасовски с.р.